**20230470931**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 106, а во врска со членовите 80, 81 и 82 и член 171 став 6, а во врска со член 119 став 2 алинеите 2, 3 и 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ НА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И ЗА ПРОСТОР, СРЕДСТВА, КАДРИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЦЕНТАР ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ, ЦЕНТАР ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ЦЕНТАР ЗА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, рехабилитација и реинтеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за дневен престој, центар за рехабилитација и центар за ресоцијализација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/20 и 172/21), во член 7 ставот 3 се менува и гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член, услугата за дневен престој за лица со попреченост може да се дава со индивидуална работа со корисникот, а по потреба и со членовите на неговото семејство (во натамошниот текст: индивидуална работа), најмногу до 12 индивидуални третмани месечно.“

Член 2

Во член 8 во ставот 2 алинејата 2 се менува и гласи:

„- наод и мислење за видот и степенот на попреченоста или наод и мислење за функционална проценка,“.

Член 3

Во член 9 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Потребата и обемот на дневната услуга за дете и младинец со попреченост која се користи повремено, неколку часа во текот на денот или за индивидуална работа, стручен работник во центар за социјална работа ја утврдува врз основа на мерките за дополнителната поддршка од областа на социјалната заштита, определени во наод и мислење за функционална проценка.“

Член 4

Во членот 28 ставот 3 се менува и гласи:

„Во центарот за дневен престој за лица со попреченост кој услугата ја дава само со индивидуална работа, бројот на корисници се определува врз основа на бројот на обезбедените стручни лица, а услугата може да се дава најмногу за 20 корисници во една смена.“

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-2130/1
1 март 2023 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.